# ETHICAL APPROACHES IN THE PSYCHOLOGY OF EDUCATION

**Tony Naunovski**
Euro-College, North Macedonia, t.naunovski@eurocolledge.edu.mk

**Abstract:** The application of basic ethical principles in the psychology of education and pedagogical psychology enables a complete understanding of the importance of the motivational complex of factors as a key factor for the success of the overall learning process. The permanent change and the intense development of modern societies and the specific educational processes are important in the theoretical explanation and understanding of this issue from exceptional validity to more relevant scientific disciplines. The traditional findings determined in the so far research are necessary to change and supplements arising from real processes in education and specific forms important for learning motivation. The transfer of knowledge and didactic methods, as well as pedagogical techniques and in that context the overall objectives of the educational process or function of education are subject to critical re-examination and supplements in accordance with social development. For example, as the most common objective reasons why a constant critical review of traditional models of understanding of the educational process is necessary are cited demographic expansion, the development of scientific and technical knowledge, information, the crisis of life models and relationships, the crisis of ideologies, etc. The development of scientific and technical knowledge of the modern world, with computerization becoming increasingly the most important factor, i.e. a means or part of education also provokes the need for adequate theoretical design and the conclusion of new strategies of education. The practical need for permanent education that will follow everyday scientific and technological discoveries becomes an inevitable fact when these topics are analytically treated. In this paper it shows that ethics is necessary in the very approach to the above themes and scientific challenges that advance the models that emphasize the importance of motivation and learning as a process and contemporary education that is based on three aspects – individual, social and professional. Modern educational systems in an important part must be directed towards encouraging creativity, initiativity and high motivation for continuous learning arising from the dynamics of the development of the modern world. The psychology of education, as a science of development, learning and motivation in the school, but also outside it, is very important in practical terms, as preparation of future teachers for successful teaching.
**Keywords**: ethics, psychology, education, motivation, learning

# ЕТИЧКИ ПРИСТАПИ ВО ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ

**Тони Науновски**
Еуро-Колеџ, t.naunovski@eurocolledge.edu.mk

**Резиме**: Примената на основните етички принципи во психологијата на образованието и педагошката психологија овозможува целосно разбирање на значењето на мотивацискиот комплекс на фактори како клучен фактор за успехот на севкупниот процес на учење. Перманентната промена и интензивниот развиток на современите општества и конкретните образовни процеси се важни при теоретското објаснување и разбирање на оваа проблематика од исклучително важење за повеќе релевантни научни дисциплини. Традиционалните сознанија кои се утврдени во досегашните истражувања неопходно се подложни на промени и дополнувања кои произлегуваат од реалните процеси во образованието и конкретните форми значајни за мотивацијата при учење. Преносот на знаењето и дидактичките методи, како и педагошките техники и во тој контекст севкупните цели на образовниот процес или функција на образованието се подложни на критичко преиспитување и дополнувања во согласност со општествениот развиток. На пример, како најчести објективни причини зошто е неопходно постојано критичко преиспитување на традиционалните модели на разбирање на образовниот процес се наведуваат демографската експанзија, развојот на научните и технички знаења, информациите, кризата на животните модели и односи, кризата на идеологиите, итн. Развојот на научните и технички знаења на современиот свет, при што компјутеризацијата се повеќе станува најважен фактор односно средство или дел од образованието исто така предизвикува потреба за соодветно теоретско осмислување и конципирање на нови стратегии на образованието. Практичната потреба за перманентно образование кое ќе ги следи секојдневните научни и технолошки открития станува неодминлив факт кога аналитички се третираат овие теми. Во овој труд се покажува дека етиката е неопходна при самиот пристап кон наведените теми и научни предизвици со кои се унапредуваат моделите кои го истакнуваат значењето на мотивацијата и учењето како процес и современото образование

кое е втемелено на три аспекти – индивидуални, општествени и стручни. Современите образовни системи во битен дел мора да бидат упатени и кон поттикнување на креативноста, иницијативноста и висока мотивација за постојано учење кое произлегува од динамиката на развојот на современиот свет. Психологијата на образование, како наука за развојот, учењето и мотивацијата во училиштето, но и надвор од него, е многу важна и во практична смисла, како подготовка на идните наставници за успешно поучување.

**Клучни зборови**: Етика, психологија, образование, мотивација, учење

## 1. ВОВЕД

„Образованието е најважно расположиво средство за поттикнување на подлабок и похармоничен човечки развиток, а со тоа и за намалување на гладот, сиромаштијата, ...незнаењето, угнетувањето и војната" – УНЕСКО - Комисија за образование

Примената на основните етички принципи во психологијата на образованието овозможува целосно разбирање на значењето на мотивацискиот комплекс на фактори кои е проценет како клучен фактор за успехот на севкупниот процес на учење кај учениците, посебно во основното и средното образование. Меѓузависноста на бројни индикатори односно фактори кои се вклучени во севкупниот процес на учење во голема мерка можат плаузибилно да се редуцираат односно анализираат преку ваква поставена рамка. Притоа, основната методска постапка во ограничувањето и дефинирањето на предметот се соочува со најважниот факт, посебно во практична смисла на зборот, а тоа е дека перманентната промена и интензивниот развиток на современите општества и конкретно образовниот процес во целосна смисла мора да биде земена предвид при теоретското објаснување и обид за разбирање на оваа проблематика од исклучително важење за повеќе релевантни научни дисциплини и поддисциплини.

Традиционалните сознанија кои се утврдени во досегашните истражувања неопходно се подложни на промени и дополнувања кои произлегуваат од реалните процеси во образованието и конкретните форми значајни за мотивацијата при учење. Преносот на знаењето и дидактичките методи, како и педагошките техники и во тој контекст севкупните цели на образовниот процес или функција на образованието се подложни на критичко преиспитување и дополнувања во согласност со општествениот развиток. На пример, како најчести објективни причини зошто е неопходно постојано критичко преиспитување на традиционалните модели на разбирање на образовниот процес се наведени демографската експанзија, развојот на научните и технички знаења, информациите, кризата на животните модели и односи, кризата на идеологиите, итн.

## 2. ЕТИЧКИ ПРИСТАП ВО ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ:УЧЕЊЕ

Развојот на научните и технички знаења на современиот свет, при што компјутеризацијата се повеќе станува најважен фактор односно средство или дел од образованието исто така предизвикува потреба за соодветно теоретско осмислување и конципирање на нови стратегии на образованието. Практичната потреба за перманентно образование кое ќе ги следи секојдневните научни и технолошки откритија станува неодминлив факт кога аналитички се третираат овие теми. Притоа, токму овде се наоѓа и еден многу значаен факт за пошироката анализа на мотивацијата за учење. Имено, ако основната цел на образовниот процес (систем) поврзан со мотивацијата за учење е да се научат учениците како да учат, или поинаку формулирано во стриктен контекст, како да се креира ефективен модел на самомотивирање за учење проследено и зависно од принципот на перманентно образование, тогаш одговорот објективно се лоцира токму во објаснувањето и разбирањето на улогата на семејната и училишната интеракција во мотивирањето за (постојано) учење, што ја потврдува и релевантноста на овој проблем. Понатаму, еден од важните аспекти кои имплицираат перманентно критичко преиспитување на т.н. традиционални модели на образованието се и последиците од интензивниот развиток на средствата за комуникација односно информатичкото општество, со сите позитивни и негативни димензии поврзани со тоа. Интерпретацијата, разбирањето, критичкиот однос и други последици од се поголемата и раширена достапност на информациите мора да се имаат предвид при секој обид да се конципира образовен систем и модели на учење. Директно поврзано со ова е и т.н. криза на животни модели и односи, под влијание на информациите како важен современ медиум во кои се наоѓаат личностите, без оглед на останатите социо-економски, културолошки и цивилизациски специфики на автономниот развој. „Да се учи како да се учи" е израз кој пластично ја објаснува суштината на мотивацијата односно целта на мотивирањето на учениците. Акцентот на образовниот процес се поместува од релативно ограничените и апстрахирани содржини на наставниот процес кон способноста за сфаќање, усвојување, анализирање и систематизирање на знаењето, согледување на односите меѓу конкретното и апстрактното, посебното и општото, поврзување на теоретското знаење со практиката, итн. Оттаму, образованието и конкретно учењето во своите посебни цели, содржини и методи мора постојано да се

обновува, да биде упатено кон промените кои се факт на современите општества. Создавањето на структури и специфични методи кои на личноста ќе и овозможат мотивација постојано да учи, а тоа природно почнува и има најголемо влијание во периодот на основното и последователно средното образование, доведува до остварување на конечната цел односно оспособување на личноста максимално, преку повеќекратни форми на автодидактика, да стане сопствен субјект и своевиден инструмент на својот сопствен развиток.

Современото образование е втемелено на три аспекти - индивидуални, општествени и стручни. Индивидуалниот аспект на стекнатото знаење подразбира развој на одредени способности, како интелектуални, емотивни, етички итн. способности на ученикот. Општествениот аспект подразбира овозможување на можности учениците рамноправно да учествуваат во општествениот живот, односно оспособување на учениците за меѓусебно поврзување и соработка, додека стручниот аспект на знаењето ја опфаќа стручната подготовка на ученикот и негово оспособување за работа. Потребата од квалитетно образование и развиток на човечките ресурси во современите услови на општествен живот е несомнена. Современите образовни системи во битен дел мора да бидат упатени и кон поттикнување на креативноста, иницијативноста и висока мотивација за постојано учење кое произлегува од динамиката на развојот на современиот свет. За соодветно соочување со предизвиците кои ги наметнува интензивниот развој, на децата-ученици им е неопходно да научат како да завземат поактивна позиција во општеството во кое живеат и функционираат.

**3. ЕТИЧКИ ПРИСТАП ВО ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ: МОТИВАЦИЈА И УЧЕЊЕ**

Мотивацијата за учење настанува во училиштето, барем во онаа формална смисла која стриктно се однесува на овој специфичен вид на мотивација. Докажано општо сознание е дека без ваков вид на поттикнување во училиштата самата мотивација за учење не се развива, но и обратно, дека со успешен процес на поттикнување истата се развива брзо, што ја засилува улогата на училиштето со сите фактори кои се вклучени во тој процес на учење. Интересот на ученикот за стекнување на знаења не може да се појави во поголем обем доколку најпрво не се појави внатрешна мотивација за учење. Природната познавателна мотивација кај детето мора да се развие во нови форми преку систематски пристап кон овој битен фактор во училиштето, и тој почетен импулс за учење треба да претставува основа за обликување на нови внатрешни мотивациски комплекси кај ученикот. Преку редица постапки е можно да се креира внатрешна мотивација за учење односно усвојување на научни знаења, доколку наставата се организира на одредени начини.

Според една можна поделба, клучни индикатори на мотивацијата се упорноста, избор на предизвик, однос на зависност од постари, и емоции. Упорноста е способност за задржување во решавањето на задачата докрај, или барем во некој разумен временски рок. Високо мотивираните ученици остануваат вклучени во активностите долго време, додека помалку мотивираните брзо се откажуваат од решавањето на потешките задачи. Изборот на предизвик значи дека мотивираните ученици избираат задачи кои им се предизвик, иако се можеби и потешки. По нивното успешно решавање тие доживуваат чувство на задоволство, додека во случајот со помалку мотивираните ученици ситуацијата е обратна, односно тие избираат полесни задачи. Односот на зависност од постар посебно се развива кај ученици кои се слабо мотивирани, затоа што им е потребна помош при учењето или училишните активности и не можат да учат самостојно. Кај мотивираните деца нема потреба од надзор при учењето, посебно не постојан надзор и интервенции како кај оние кои немаат развиена внатрешна мотивација. Во врска со емоциите како индикатор, учениците со развиена мотивација позитивно ги искажуваат, покажуваат емоциите, и обратно во случај каде што има недостаток на мотивација, при што повлеченоста е симптом и расположение кај таквите ученици. Со текот на времето самите ученици треба да ја превземат контролата и менаџирањето со својата мотивација, која претходно во голема мерка била лоцирана како одговорност кај наставникот, и во тоа се огледува успешноста на самата работа на наставникот. Освестувањето за интринсичните мотиви и идентификацијата на своите цели на учењето и воспоставување на односи меѓу нив треба да премине од наставникот кон ученикот во етапен процес.

Во психолошката наука, како систем на знаења, психологијата на образование релативно рано го определила својот предмет на проучување и се конституирала како посебна психолошка гранка. Темелен проблем е учењето, како и се она што е во врска со тој процес. Во поширока смисла, учењето е темелен процес на секое образование и воспитување, односно едукација, како и на социјализацијата и хуманизацијата на човекот. При тоа промените кои настануваат со учење имаат релативна трајност и најчесто значат човечко напредување во смисла на успешно прилагодување на условите и приликите на неговата животно-природна и општествена околина. Учењето се појавува како процес на релативно трајни промени кај индивидуата настанати во текот на обновување на нови активности а кои се манифестираат во неговиот изменет начин на однесување.

Во однос на општото значење на учењето, важно е сознанието дека во човечкиот живот значењето на учењето се огледува во тоа што со негово посредство може ефективно да се влијае на целата структура на човечки карактеристики и со тоа да се предизвикаат релативно трајни промени на неговата личност. Со тоа всушност се тврди дека покрај вештините и навиките и знаењето во потесна смисла на зборот како непосредни ефекти на учењето, со учење се стекнуваат и под негово влијание се менуват ставовите, интересите, вредностите и многу потреби, се усвојува говор, етички, обичајни и други социјални норми на однесување. Понатаму, со учење од диспозициите се формираат способности а со нив и склоности, се усвојува општествено фаворизирана експресија на емоциите, се збогатува поимниот инвентар на мислењето итн. Сите тие бројни промени доведуваат до нови облици на однесување и најчесто значат човеково напредување и усовршување во смисла на се поуспешна адаптација на условите и барањата на неговата животна околина. Но човечкото учење не е ограничено само на активност со која делувајќи на околината неа ја менува и ја запознава. Со посредство на усмен или пишан збор, го учи и она што претходните генерации во борбата со околината со учење го стекнале и тоа во вид на културно наследство го оставиле. На тој начин секоја нова генерација започнува врз искуството на претходните генерации и дава свој дел во ризницата на човештвото.

Човековото учење не се јавува само во периодот на образование и системско подготвување за животна професија, туку човекот учи цел живот, од раѓање до смрт. Оттаму и тврдењето дека човекот е суштество на навиката-учењето. Извршувајќи ја целиот живот активноста на учењето, човекот се менува себе и својата околина. Во однос на темелните услови на учењето, најважно е утврденото научно сознание дека индивидуата, личноста со учење ќе стекне нови форми на однесување ако неговите способности за учење се развиени во доволен степен, потоа ако за активноста на учење е доволно мотивирана, и ако има соодветни надворешни можности за учење. На тој начин способноста, мотивацијата и надворешните околности се јавуваат како темелни услови за учење. Под способности се разбира егзистенција на такви потенцијални динамички својства кои овозможуваат ефикасна активност на учење. Тука се мисли на севкупната структура на човечки способности, како на планот на интелектуални и психомоторни функции така и на планот на перцепција и осетливост. Мотивацијата извира од потребите, интересите, желбите, склоностите итн. (интринсична мотивација) и надворешни поттици и цели, екстринсична мотивација. Во надворешни можности за учење спаѓаат можноста за слушање предавања, учебници итн. Доколку изостане макар и еден од наведените темелни услови за учење тоа доведува до неможност за стекнување на искуства во било кој облик. Ако некој од условите е недоволно присутен, резултатите на учењето се под оптималното ниво. Единствено во рамки на тие услови е можно да се пронаоѓаат причините за секој евентуален неуспех или успех во учењето, во зависност од присутноста на еден, два или трите услова, обем, квалитет и слично.

Во однос на т.н. теории за поучувањето, главна цел е да се разбере што се случува кога некој поучува некого нешто во некое опкружување/околина. Постигнувањето на оваа цел е бавен процес. Има малку истражувања кои означуваат пресврт и даваат дефинитивен одговор на поставеното прашање. Има толку многу различни ученици, наставници, задачи и околини; освен тоа, човекот е сложено суштество. Со оглед на таа сложеност, истражувачите се насочуваат на ограничени аспекти на ситуацијата – истовремено можат да бидат насочени само на неколку варијабли или на престој во едно или неколку одделенија. Ако во едно подрачје се спроведени доволно истражувања и резултатите непрекинато упатуваат на исти заклучоци, доаѓаме до принципи. Тоа е поим за воспоставен однос помеѓу два или повеќе фактори, како на пример помеѓу некоја стратегија на поучување и постигнувањата на ученикот. Отворена е дебатата за тоа каков вид на истражувања би требало да ја раководат образовната практика, односно колку се тие ефикасни. Во прилог за истражувањата се наведува дека тие се научни и дека реформите мора да се темелат на цврсти докази, а во прилог против е ставот дека истражувањата и експериментите не се единствен ниту најдобар извор на докази. Интересен е и односот меѓу принципите и теориите. На пример, принципите за управување со одделение даваат помош за специфични проблеми но добра теорија за раководење со одделение ќе покаже насока во размислувањето за проблемите, на пример дисциплината и ќе даде когнитивни алатки потребни за креирање на решенија и за предвидување на она што може добро да функционира во нови ситуации.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Психологијата на образование, како наука за развојот, учењето и мотивацијата во училиштето, но и надвор од него, е многу важна и во практична смисла, во контекст на подготовка на идните наставници за успешно поучување, без оглед дали тие ќе предаваат во основно училиште или вечерни школи. Учениците во училниците се повеќе се разликуваат со оглед на расната и етничка припадност, мајчиниот јазик, религија, култура итн. Познатиот пример односно статистички податоци од САД се илустративни и за повеќе држави во светот. Во 2002 година во САД е донесен законскиот акт наречен „Ниту едно дете не смее да заостане",

според кој сите ученици од трето до осмо одделение секоја година мораат да пристапат кон тестови на постигнување од читање и математика, а во средното образование и кон еден друг предмет. Кај нас, во РС Македонија има екстерно тестирање, и основното и средно образование е задолжително и бесплатно. Внесувањето на етички пристапи кон сите теми на психологијата на образованието дополнително ги развива добрите практикки насочени кон целосно исполнување на целите на оваа наука која сама по себе содржи етички аспекти и основи.

**ЛИТЕРАТУРА**

Castle, P., & Bucler, S. (2021). Psychology for Teachers. SAGE Publications Ltd
Chinn, C. A. (2011). Educational Psychology: Understanding Students'Thinking. Rutgers University
Cline, T., Gulliford, A., & Birch, S. (2023). (Ed.). Educational Psychology. Routledge
Code of ethics and conduct. (2009). The British Psychological Society. St Andrews House. Princess Road East. Leicester
Langran, P. (1976). Uvod u permanentno obrazovanje. BIGZ. Beograd
Lord, J. (2022). (Ed.). Psychology of Education - Theory, Research and Evidence-Based Practice. Manchester Metropolitan University. SAGE Publications Ltd
Palekĉić, M. (1985). Unutrašnja motivacija i školsko učenje. Svjetlost i Zavod za udţbenike i nastavna sredstva. Sarajevo
Plucker, J. A., & Meyer, M. S. (2026). (Ed.). The Future of Advanced Education and Talent Development. Emerald Publishing Limited
Salkind, N. J. (2008). (Ed.), Encyclopedia of educational psychology. A Sage reference publication
Siann, G., & Ugwuegbu, D. C.E. (2026). Educational Psychology in a Changing World. Routledge
Trebješanin, B. (2009). Motivacija za učenje. Uĉiteljski fakultet. Beograd
Wittrock, M. C., Frank, F. (2019). (Ed.). The Future of Educational Psychology. Routledge Library Editions: Psychology of Education
Woolfson, L. M. (2025). Key Topics in Educational Psychology. Routledge